РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ

University American College Skopje

**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**

**помеѓу**

1. **Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“**, со седиште на бул. „Јане Сандански“ бр. 12, во Скопје, претставувана од директорот, г-ѓа Анета АРНАУДОВСКА и

2. **Факултет за правни науки при Универзитет Американ Колеџ - Скопје**, со седиште на Бул. „Трета македонска бригада“ бр. 60, во Скопје, претставуван од деканот на Факултетот за правни науки, проф. д-р Марко АНДОНОВ.

Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ во Скопје (во натамошниот текст „потписници“), потврдувајќи ја заедничката заложба да дадат свој придонес за зајакнување на капацитетите на судството преку развивање меѓусебна соработка на полето на континуирана едукација на судиите и јавните обвинители, се договорија за следното:

**Член 1**

Со овој Меморандум се регулираат правилата на меѓусебната соработка и координација на активности меѓу Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ во Скопје.

**Член 2**

Соработката меѓу потписниците на овој Меморандум ќе се остварува во делот на законските надлежности на двете институции, со:

- Овозможување на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, по потреба, да ги користи ресурсите во просториите на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје, вклучително ИТ опремата, при симулацијата на судски процеси, за реализација на практични обуки за слушателите на почетна обука и кандидатите за судии и јавни обвинители.
- Донација на стручна литература;
- Ангажирање на професорите на Факултетот за правни науки при Универзитетот Американ Колеџ во Скопје и предавачите на Академијата за потребите на едукација на студентите на Факултетот за правни науки и целните групи на Академијата;
- Реализација на заеднички апликативни проекти;
- Соработка во организирање на конференции, советувања и тркалезни маси;

**Член 3**

За обуките и другите активности во рамки на меѓусебната соработка, потписниците ќе вршат размена на предавачи, учесници, искуства и знаења. Покрај тоа се предвидува користење на просторните капацитети на потписниците.

**Член 4**

Спроведувањето на овој Меморандум ќе се овозможи со подготвувањето на програмите за работа на потписниците, во кои се определуваат темите и опфатот на соработка и организационите прашања.

**Член 5**

Соработката утврдена со овој Меморандум, потписниците ќе ја остваруваат преку лица овластени за контакт.

Меморандумот ќе биде предмет на постојана заедничка анализа со цел за унапредување на соработката.

**Член 6**

Овој меморандум за соработка може да се измени со писмен договор меѓу двете страни.

Секој од потписниците може да го раскине истиот по истекот на еден месец откако по писмен пат ја известила другата страна за раскинувањето:

-ако другата страна не ги почитува обврските зацртани во овој меморандум.

**Член 7**

Овој Меморандум ќе влезе во сила од денот на неговото потпишување и ќе важи за временски период од три години. По истекот на овој период неговото важење автоматски ќе се продолжи за нареден период од три години, освен во случај еден од потписниците да го раскине овој Меморандум, но не подоцна од три месеци пред истекот на рокот на неговото важење.

Потпишан во Скопје на 13 февруари, 2015 година

Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“

Директор,
Анета АРНАУДОВСКА

Факултетот за правни науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје

Декан,
проф. д-р Марко АНДОНОВ